**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА**
**НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

---

**ДО**

**СРЕДСТВАТА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ**

**ДПСМ смета дека кампањата за собирање на потписи за независност на Косово и Метохија покажува дека Република Македонија неможе да остане незасегната доколку се продолжи со вакво грубо мешање на дел од македонските граѓани предводени од албанските политички партии во внатрешните работи на Србија и Црна Гора.**

**ДПСМ ја повикува Владата на Република Македонија да се изјасни по овој повод , бидејки Република Македонија треба да има деиректен интерес за стабилизација на состојбите на регионот и за изградба на конзистентна политика во духот на меѓународното право и стандардите прифатени од меѓународната заедница. Владата треба да знае дека на овој начин нејзините граѓани учествуваат во ревидирање на меѓународниот правен поредок изразен преку Резолуција 1244 на СБ на ООН и директно заговараат промена на уставно правниот поредок на Србија и Црна Гора кој инаку е наш сосед. Искуството досега покажа дека ни едно припојување на територии, ниту една промена на граници не доведува до поголема економска моќ или развој туку до разорување, пустошење, огромни човечки загуби и сиромаштво. Нашата иднина треба да биде во рамките на решенијата кои се засниваат на евро – интегративните процеси, впрочем и Резолуцијата 1244 е тука делумно и заради идните интеграции и контрола на тој процес.**

**ДПСМ искрено сака да верува дека Владата на Република Македонија не сака да биде соучесник и да ја сноси историската одговорност за понатамошниот развој на нацизмот во овој дел на Европа и создавање на моноетнички монструм заснован на принципите на етничко насилство и омраза на територија која и по документите на ООН и припаѓа на Србија односно Србија и Црна Гора.**

**Демократска Партија на Србите во Македонија**
Претседател
Иван Стоилковиќ